Центар за Социјални Иницијативи НАДЕЖ

ЗСРМ ЗДРУЖЕНИЕ НА СОЦИЈАЛНИ РАБОТНИЦИ НА МАКЕДОНИЈА

Здружението Центар за социјални иницијативи Надеж, Скопје за потребите на проектот ЗЗЗ - ЗАЕДНИЧКИ ЗА ЗЕЛЕНО ЗАСТАПУВАЊЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА финансиран од владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас, а кој го спроведуваат Македонскиот центар за меѓународна соработка - МЦМС, НИРАС од Данска и ФЦГ од Шведска, **објавува:**

**Повик 22/2024: Преведувач/лектор од македонски на албански јазик за превод и лектура од македонски на албански јазик за проектни потреби**

**Информации за проектот:**

**ИМЕ:** ЗЗЗ - ЗАЕДНИЧКИ ЗА ЗЕЛЕНО ЗАСТАПУВАЊЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

**НОСИТЕЛ**: Центар за младински активизам ЦМА КРИК, Скопје

**ПАРТНЕРИ**: Здружение Центар за социјални иницијативи НАДЕЖ, Скопје и Здружение на социјални работници на Македонија – ЗСРМ, Скопје

**ДОНАТОР**: Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас

**ЦЕЛНА ГРУПА**

- стручните работници од системот на социјална заштита и корисниците,
- локалните општини
- давателите на социјални услуги,
- корисниците на социјални услуги и
- младинските работници и младите.

PAGE * MERGEFORMAT 1

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ПРОЕКТОТ:** 01.12.2023 година – 30.09.2026 година

Проектната идеја е обид да се пилотира и воведе зелената социјална работа и социјалната трансформација како холистички перспективи што се стремат да ја поддржат благосостојбата на луѓето во надминувањето на постоечките климатски промени и одржување здрава животна средина. Активностите се засноваат на застапување и спроведување на концептот на право на здрава животна средина за сите, преку зелена социјална работа и потреба од социјална трансформација за справување и резилиентност од овие промени.

Главната цел на проектот е воведување на еколошката т.н. „зелената“ перспектива во стручната социјална и младинска работа, како една од клучните перспективи за заштита на животната средина, но воедно и за градење инклузивно и демократско општество за сите.

**Информации за ангажманот – превод и лектура од македонски на албански јазик за проектни потреби**

**НАБАВУВАЧ**

1. **Здружение Центар за социјални иницијативи НАДЕЖ – Скопје** со седиште на ул. „Гвадалахара“ бр. 20, Шуто Оризари, Скопје, застапувано од Марина Бојанова, претседател на здружението

**ПРЕДМЕТ НА НАБАВКА**

**1. Главни активности на лицето:**

**Превод и лектура од македонски на албански јазик на:**

| Вид на активност/документ | Опис на активноста/документот | Број на бараната активност /документ | Вкупен број на страници на бараната активност /документ |
|---|---|---|---|
| А. 3.1.1. Изработка на Прирачник за обука за зелено застапување и спроведување зелени локални иницијативи | Прирачникот ќе нуди содржини за обука за стекнување знаења и вештини за воведување на зелената социјална работа и зелената младинска работа во професионалното делување на целните групи | 1 (еден) прирачник | 130 до 160 страници |

PAGE * MERGEFORMAT 1

**<u>Предвиден надомест за преведувачот/лектор е 450,00 МКД (четиристотини и педесет денари) во бруто износ за 1 (една) страна, но не повеќе од 67 500,00 МКД за лектура на цел Прирачник.</u>**

**Период на ангажманот на преведувачот/лектор:** 01.10.2025 – 31.03.2026 година.

2. **Потребни квалификации на преведувачот/лектор:**

Задолжително е кандидат/ката да биде државјанин на Република Северна Македонија и да го зборува македонскиот јазик:

- како свој мајчинјазик; односно
- како свој втор јазик, за припадниците на малцинските јазични заедници.

ЗЗЗ - ЗАЕДНИЧКИ ЗА ЗЕЛЕНО ЗАСТАПУВАЊЕ

Задолжително е кандидатот/кандидатката да има завршено високо образование од најмалку прв циклус на студии (VII/1 степен)

Кандидатот/кандидатката задолжително треба да има:

- најмалку 5 години непрекинато активно работно искуство како преведувач и лектор по албански јазикна стручна (некнижевна) литература;
- искуство во превод на содржини како бараниот документ

- солидно познавање на специјализираната терминологија од областите: социјална заштита, младинска работа, малцински заедници, ранливи групи, заштита на животната средина, правото на ЕУ и меѓународното право;
- активно работно искуство како преведувач во граѓанскиот сектор во изминатите 5 години;
- одлични писмени вештини.

**КРИТЕРИУМИ за избор на најповолен понудувач и доделување на договорот за соработка**

Понудувачот во својата понуда треба да ги вклучи сите составни делови наведени во барањето за поднесување на понудата. <u>Во спротивно, понудата ќе се смета за нецелосна и неприфатлива.</u>

Критериумот за доделување договор за набавката е според принципот „најдобро понудена услуга за цената“ (thebestvalueformoney-qualityratio). Вкупната оцена за исполнителноста на понудата ќе биде формирана според следните критериуми и бодови, со примена на формула за пресметување на бодовите за доделување на договор за набавка:

- Работно искуство како преведувач/лектор — 70 бода
- Референтна листа. — 30 бода

**РОКОВИ**

| | |
|---|---|
| Рок за доставување на понудите | **09.09.2025 година** |
| Рок за избор на најповолен понудувач и известување | **10.09.2025 година** |
| Потпишување договор за соработка | **19.09.2025 година** |
| Рок за спроведување на активностите и испорака на услугата | **01.10.2025 – 31.03.2026 година** |

Партнерските организации, носители на грантот го задржуваат правото на измена на временската рамка за испораката на нарачаните услуги од страна на добавувачите, во зависност од претходно реализираните активности кои се во рамките на овој проект.

333 - ЗАЕДНИЧКИ ЗА ЗЕЛЕНО ЗАСТАПУВАЊЕ

**ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ**

**Понудата треба да содржи:**

- професионална биографија (CV) на кандидатот/кандидатката што се пријавува за преведувач/лектор од македонски на албански јазик;
- референтна листа за поткрепа на потребното искуство на кандидатот/кандидатката.



CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!
Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra
Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

**Понудите се доставуваат во електронска форма** на проектната електронска адреса zzzgreenadvocacy@gmail.com. Дописот со проследената понуда треба да биде насловен: **Понуда за број на повик 22/2024 – Преведувач/лектор од македонски на албански јазик.** Понудите треба да се достават до наведениот рок. Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние понуди кои нема да бидат изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид.

**НАПОМЕНА:Предност имаат организациите носител и партнери на грантот.**

***Проектот е финансиран од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас.***

Содржината на овој повик е единствена одговорност на *Центарот за социјални иницијативи НАДЕЖ, Скопје* и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Владата на Швајцарија, Цивика мобилитас или организациите што ја спроведуваат.

333 - ЗАЕДНИЧКИ ЗА ЗЕЛЕНО ЗАСТАПУВАЊЕ